Slow Food® Bitola

Еко Росалес

Slow Food® Vodno

Истражување за европските и националните политики за квалитет на прехранбените производи

Автор:
Проф. д-р Соња Србиновска

Соработници:
Емилија Неделковска, Елена Каровска, Жаклина Ивановска

Изглед и дизајн:
Горан Трсунов

Фотографии:
© Different photography: Ивана Кузмановска, Оливер Манев

Издава:
Slow Food Macedonia

Печат:
Бабук, Битола, 250 примероци

Содржина

Предговор - 4
Вовед - 4
1. Политика на квалитет - 6
2. Законски рамки во ЕУ – развој и имплементација - 8
3. Законска рамка во Република Македонија за заштита на земјоделски и прехранбени производи - 11
4. Потребни документи за добивање заштитени ознаки - 15
5. Моменталната ситуација во однос заштитените традиционални производи во ЕУ, балканските земји и во Р. Македонија - 23
6. Традиционални земјоделски и прехранбени производи - примена на законски барања - 28
Заклучок - 37

ПРЕДГОВОР

Ова кабинетеско истражување е во рамките на проектот „Од нива до маса - Канализирање на проблемите на фармерите[1] преку документи со ставови и други пишани форми"спроведуван од „Слоу Фуд Битола", „Еко росалес", Богданци и „Слоу Фуд Водно", Скопје. Проектот е финансиран од Програмата за грантови и обука: „Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации од Западен Балкан кои работат на поле на одржливо земјоделство". Оваа Програма е координирана од Организацијата за почитување и заштита на животните „ORCA" која што во име на регионалната тематска мрежа ја спроведува акцијата „Одржливо земјоделство за одржлив Балкан: Зајакнување на капацитетите за застапување на граѓанските организации и развој на политики во Западниот Балкан".

ВОВЕД

Традиционалната храна е значаен елемент за културното наследство на секоја земја, а за многу рурални подрачја нејзиното производство и продажба може да биде важен економски двигател.Голем број од земјите членки на Европската Унија имаат воспоставен систем за заштита на традиционалната храна, давајќи им посебна важност на локалните производители со цел да можат да ги продаваат своите висококвалитетни локални производи.Како што се менуваат начините на живеење,така ипотрошувачите го менуваат мислењето за традиционалната храна.Кај повеќето потрошувачи постои тенденција кон купување на земјоделски производи и храна со повисок квалитет, повкусна, побогата со хранливи материи, произведена на традиционален начин од некој определен регион, или пак храна произведена во согласност со принципите за заштита на животната средина.

1 Се мисли на производители

Тоа значи дека европските и домашните пазари се отворени за вакви производи со повисок квалитет, но проблемот е како ваквите традиционални производи да бидат достапни на поширокиот пазар, а нивното производство да биде одржливо.

Зголемувањето на можностите за овие производи преку подобрена конкурентност и зголемен маркетинг е клучен дел од одржливиот развој на руралните средини може да придонесе кон Лисабонската стратегија за зголемен раст, вработување и социјална заштита.Решенијата се бараатво обезбедување на финансиска поддршка за прилагодувањето и модернизација на традиционалното производство на хранасо цел нивните производи да бидат безбедни и со највисок квалитет, вклучувајќи ја и подобрата логистика и дистрибуција на традиционалната храна.Меѓутоа, за искористување на достапните можности и успешнииновации во однос на соодветното пакување и означување на традиционалната храна производителите треба да имаат поддршка од локалната и централната власт.

За да се овозможи одржлив равој на руралните средини потребно е да се обезбедат услови за соодветнотрадиционално производство, подобрена конкурентност и зголемен маркетинг. Производителите мора да ги подобратсвоите вештини во маркетингот, современите производствени техники и менаџмент, но секако многу е важно да знаат како да ги потенцираат специфичните карактеристикина своите производи со кои би можеле да ја поттикнат побарувачката на истите.Одлична платформа за зголемени бенефициии од традиционалната храна може да се обезбеди ако производот се заштити со некоја одознаките за географско потекло, а притоа дополнително се обезбедат научни тврдења дека производотпозитивно влијае врз здравјето на потрошувачите.

Ова истражување:

- гиразработуваможностите за регистрација на традиционалните производи како и поддршката што ја даваат програмите на Европската комисија и Република Македонија за одржување и промовирање на висококвалитетни традиционални и локални производи;
- ги наведувапредизвиците што треба да се решат и го нагласува истражувањето што веќе е преземено и продолжува во оваа област. Со развојот на европската биоекономија базирана на знаење, седокажа вредноста на размената на информации и знаење на ситенивоа. Заради тоа, ова кабинетско истражување има за цел да им даде идеи, нови иницијативи и можности за производителите на традиционална храна.
-

Македонија изобилува со карактеристични земјоделски - прехранбени производи кои се одликуваат со специфичен вкус, карактеристична арома, а некои од нив и со долга традиција на производство.Преку теренските истражувања Слоу Фуд во Македонија има мапирано повеќе од 70 производи.За жал производството на поголемиот дел од нив веќе одумира.

Во каталогот „Арка на вкусови“ (https://www.fondazioneslowfood.com/en/nazioni-arca/macedonia-en/) се поставени 36 производи од Македонија. Прашањето е: Како да гозачуваметрадиционалното производство и да го искористиме неговиот потенцијал во развојот на руралните и локалните заедници?

Целта на кабинетскотоистражување е да се запознаат домашните производители со постапките и методите за заштита на земјоделските производи, видовите на заштита кои што постојат, а воедно и да се поттикнат производителите да размислуваат во оваа насока.Притоа се има во предвид дека со донесувањето на новите европски закони секоја група на производители на храна (од која било земја) може да поднесе барање до Европската комисија за да заштити одредена ознака за квалитет.

1. ПОЛИТИКА НА КВАЛИТЕТ

Европската политика за квалитет започнува уште во 60-тите години од минатиот век, со донесување на стратегијата „Зелена книга за квалитет на земјоделски и прехранбени производи".Главната цел на оваа стратегија било да се истакне квалитетот како основна алатка за конкурентност и профитабилност воземјоделско-прехранбениот сектор. Во 1992 година во Европа се воспоставени првите посебни ознаки за квалитет, наменети за заштита и промоција на земјоделските ипрехранбените производи, кои во принцип се базирале на веќе постоечките италијански ифранцуски национални системи.

Како и да е, во Европската Унија и понатаму се посветува големо внимание на производството на безбедна храна, која има природни карактеристики или пак е произведена на традиционален начин.Притоа, водечки принцип е квалитетот со посебен акцент кон здравствената компонента.Всушност безбедноста на храната е прв и задолжителен услов за квалитет.Секој производител на храна мора да ги воведе и почитува основните принципи за безбедност на храната.

Исто така, производителите на традиционална храна треба да се придржуваат и кон стандардите за заштита на животната средина и благосостојбата на животните. Овие прописи покрај тоа што на производите им даваат специфични „внатрешни вредности", истите се однесуваат и на заштитата на природните ресурси како и напочитување на барањата од етичка природа. Другите аспекти за квалитет на прехранбените производи зависат пред сè од субјективни пристрасности на потрошувачите, како на пример вкус, мирис и изглед.Секако, на некои производи може да им се додава и дополнителна вредност ако се произведени во одредена област,или кога при постапката за нивно производство се посветува особено внимание на заштитата на животната средина и благосостојбата на животните (на пример: органско производство).

Тоа значи дека квалитетот е многу комплексен и постојано може да се надградува и подобрува, сè со цел да се задоволат барањата на потрошувачите.Со еден збор, може да се каже дека квалитет претставува задоволување на барањата на потрошувачите.Притоа земјоделските производители треба да сфатат дека овие барања не претставуваат пречка за развој туку можност за напредок.Со производство на токму такви производи кои потрошувачот ги посакува, операторите со хранајасно можат да ги издвојат своите производи на пазарот, а со тоа секако и да имаат поголема заработка.

1.1. СПЕЦИФИЧНА ПОЛИТИКА НА ЕУ ЗА КВАЛИТЕТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

За традиционалните производиособено значење имаат реформите назаедничката земјоделска политика во која што меѓу другото, воведени се и европските заштитени називи за земјоделските прехранбени производи. На овој начин овозможено е сите земјоделски производители кои произведуваат некакви специфични производи со посебни карактеристики или пак во некој посебен регион со примена на одредени традиционални постапки да можат истите да ги заштитат и на тој начин да им гарантираат на потрошувачите за посебниот квалитет на нивните производи. Всушност ниту е можно, ниту пак се посакува со генералните закони на ниво на ЕУ да се заменат прописите за квалитет на храната во земјите членки.Имено, со овие законисе поттикнуваат земјите да развиваат свои посебни стандарди за квалитет и да поддржуваат производство на свои специфични производи што ќе овозможи поголем развој на индивидуалните земјоделски производители во одделните земји членки и зачувување на локалните и регионалните производства.

Притоа може да заклучиме дека:

- Во ЕУ со закони се поттикнуваат земјите да развиваат свои посебни стандарди за квалитет и да поддржуваат производство на свои специфични производи што ќе овозможи поголем развој на индивидуалните земјоделски производители во одделните земји членки, зачувување на локалните и регионалните производств. А сето тоа придонесува и во намалување на степенот на иселување на населението од овие региони.
- ЕУ ја поддржува диверзификацијата на земјоделското производство, посебно на земјоделските стопанства во подрачјата со ограничени услови за производство или во недоволно развиени подрачја.

1.2. ИСТРУМЕНТИ СО КОИ СЕ РЕГУЛИРА КВАЛИТЕТОТ

Соочувајќи се со огромната конкуренција, европските земјоделски производителипостојано се обидуваат да изнајдат различни начини кои ќе им овозможат на пазарот да се појават со уникатни производи кои ќе ги задоволат барањата на потрошувачите. Различните инструменти односно различните моделиили начини при производството на храна, кои ги применуваат европските производители, а би можеле да ги искористат и нашите македонски производители се следниве:

- Производство на „премиум“ производи што на потрошувачите им нудат нешто повеќе од нивните основни барања – како на пример одредени специфични карактеристики: вкус, потекло, метод на производство и др.;
- Градење на доверба кај потрошувачите преку задоволувања на одредени барања од европските шеми за квалитет на „премиум“ производи;
- Заштита на имиња на производи со специфични карактеристики, често поврзани со географското потекло или регионот на производство;
- Регистрирање имиња на традиционални производи или одделните методи на производство кои често се резултат на локално знаење и традиција и тоа преку европските шеми создадени за да ги промовираат ваквите производи;
- Воспоставување на одредени маркетинг стандарди како на пример екстра квалитет, прва класа, „екстра виргин“ (за масло за јадење) и др.
- Изнаоѓање на различни начини како да го привлечат вниманието на купувачот и тоа со производство, преработка, презентација и обележување на начин кој ја зголемува атрактивноста на производот;
- Воведување на различни сертификациони шеми од државни или приватни тела со цел да ги информираат потрошувачите за нивните специфични методи за производство или пак за карактеристиките на производите.

1.3. ЦЕЛИ НА ПОЛИТИКАТА НА КВАЛИТЕТ

Со глобализацијата, на пазарот се нудат најразлични земјоделски производи, при што конкуренцијата станува сè поголема.Кај европските производители единствено оружје во борбата против ваквата конкуренција е создавање на квалитетни производи, кои гарантираат безбедност, постојан квалитет, но и специфичност и уникатност при производството.

Со оглед дека асортиманот на храната и земјоделските производи е голем, а информациите за тие производи се најразлични, основната цел на ЕУ е со овие закони за заштита на производите да:

- обезбеди квалитет на земјоделско - прехранбените производи со јасно објаснување/укажување на потрошувачите за специфичниот карактер и потеклото на одредени производи со повисок квалитет;
- изврши заштита на називите на производите од различни злоупотреби или имитација/копирање;
- преку соодветен маркетинг да овозможи секој потрошувач да ги разбере специфичните особини на производите.

Во политиката на ЕУ, новите приоритети се документирани во стратегијата „Европа2020“, каде што се дадени приоритетите на политиката за квалитет и целите за постигнување на конкурентна економија која се темели врз пристапот за паметен,одржлив и инклузивен раст.Стратегијата се базира на знаење и иновации и поттикнување на економијата со висока вработеност која обезбедува социјална и територијална кохезија.Затоа, ваквата стратегијаза квалитет на земјоделските производи треба на производителите да им обезбеди реалниалатки за подобро идентификување и промовирање на нивните производи кои имаат специфични карактеристики, а истовремено да ги штитат производителите.

2. РАЗВОЈ НА ЗАКОНСКИ РАМКИ ВО ЕУ

2.1. РЕГУЛАТИВИ ВО ЕУ

За полесно разбирање и имплементирање на заштитените ознаки за квалитет на производи со традиционален карактер, ЕУ ги повлекува поединечните регулативи за заштита на традиционалните производи и донесува една сеобразна регулатива во која се опфаќаат сите земјоделски производи и сите шеми за квалитет:

РЕГУЛАТИВА НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И СОВЕТОТ бр. 1151 од 2012 ЗА ШЕМИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ ЗА ЗЕМОДЕЛСКИТЕ И ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ [2]

Со оваа Регулатива се утврдуваат шемите за квалитет врз основа на кои се вршиидентификација на производите и, онаму каде што е соодветно, заштита на имиња и термини кои пред сè ги означуваат или опишуваат земјоделските производи со нивните:

- Карактеристики за додадена вредност кои се однесуваат на сензорниот квалитет (вкус, мирис, боја, форма, големина...), или
- Карактеристикикои му даваат на производот посебна додадена вредност како резултат на методите кои се применуваат во текот на одгледувањето или преработка, или пак придонесуваат за еколошка или друга заштита на местото каде што се произведуваат или продаваат.

Регулативата има за цел да им помогне на производителите на земјоделски и прехранбени производи соодветно да ги пренесат карактеристиките на своите производи до купувачите и потрошувачите, а со тоа да се обезбеди и:

- праведна конкуренција помеѓу земјоделците и производителите на земјоделски и прехранбени производи кои имаат производи со карактеристични својства со додадена вредност;
- достапност на сигурни и точни информации до потрошувачите за ваквите производи;
- почитување на правата на интелектуална сопственост и
- зачувување на интегритетот односно гарантирана конзистентност на внатрешниот пазар(подеднакво почитување на законските барања кај сите земји членки).

Во Регулативата се дадени и мерките за поддршка на земјоделците и преработувачите кои се занимаваат со производство на производи со повисок квалитет, а со тоа придонесуваат за постигнување на целите на политиката за рурален развој.

Други регулативи во ЕУ се:

- Делегирана Регулатива (ЕУ) бр. 664/2014 со која се дополнува Регулативата (ЕУ) бр. 1151/2012 на Европскиот парламент и Советот во врска со воспоставувањето на симболи на Унијата за заштитени ознаки за потекло, заштитени географски ознаки и гарантирани традиционални специјалности и во однос на одредени правила за извори, одредени процедурални правила и одредени дополнителни преодни правила[3]
- Регулатива за имплементација (ЕУ) бр. 668/2014, преку која сеутврдени правилата за примена на Регулативата (ЕУ) бр. 1151/2012 на Европскиот парламент и на Советот за шеми за квалитет за земјоделски производи и прехранбени производи[4]

2 Regulation (EU) No 1151/2012 of the European Parlament and of the Council on quality schemes for agricultural products and foodstuffs

3 Delegated Regulation (EU) No 664/2014 of 18 December 2013 supplementing Regulation (EU) No 1151/2012 of the European Parliament and of the Council with regard to the establishment of the Union symbols for protected designations of origin, protected geographical indications and traditional specialities guaranteed and with regard to certain rules on sourcing, certain procedural rules and certain additional transitional rules

4 Implementing Regulation (EU) No 668/2014 of 13 June 2014 laying down rules for the application of Regulation (EU) No 1151/2012 of the European Parliament and of the Council on quality schemes for agricultural products and foodstuffs

- Делегирана Регулатива (ЕУ) бр. 665/2014 со дополнување на Регулативата (ЕУ) бр.1151 / 2012 на Европскиот парламент и на Советот во однос на условите за користење на изборниот термин за квалитет „планински производ“[5]

За полесна имплементација и разбирање на сите овие процедури за заштита во ЕУ е објавен и:

- Водич за доброволни сертификации и сертификациони шеми[6]

како и

- Водич за означување на храната во која како состојки се користат производи кои се заштитетени со географска ознака или ознака за потекло[7].

2.2. КОИ СЕ НАЗИВИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ ВО ЕУ

Согласно Регулативата 1151/2012, во ЕУразвиени се три главни називи за квалитет и тоа:

„Protected Designation of Origin“ PDO
„ЗАШТИТЕНА ОЗНАКА ЗА ПОТЕКЛО“ ЗОП

„Protected Geografical Indication“ PGI
„ЗАШТИТЕНА ГЕОГРАФСКА ОЗНАКА“ ЗГО

„Taditional Speciality Guaranteed“ TSG
„ГАРАНТИРАН ТРАДИЦИОНАЛЕН СПЕЦИЈАЛИТЕТ“ ГТС

Заштитените називи ЗОП (заштитена ознака за потекло) и ЗГО (заштитена географска ознака)имаат силна географска поврзаност.Тие им нудат драгоцена помош на потрошувачите кои посакуваат земјоделско-прехранбени производи со јасно дефинирано потекло и квалитет.

Ознаката ГТС (гарантиран традиционален специјалитет)е заштитено име за производи кои содржат традиционални суровини, се произведуваат на традиционален начин или пак имаат традиционален состав.

ВоРегулативата 1151/2012опфатенисе сите земјоделски и прехранбени производи кои можат да се заштитат, со исклучок на жестоките алкохолни пијалоци и вината за кои има посебни регулативи. Притоа во оваа Регулатива направеное дополнување со некои земјоделски производи и храна кои можат да се заштитуваат (дадени во табела 1 и 2).

5 Delegated Regulation (EU) No 665/2014 of 11 March 2014 supplementing Regulation (EU) No 1151/2012 of the European Parliament and of the Council with regard to conditions of use of the optional quality term ‘mountain product’
6 EU best practice guidelines for voluntary certification schemes for agricultural products and foodstuffs
7 Guidelines on labelling of products using PDO-PGI ingredients

Таб. 1 Земјоделски производи и храна кои можат да се заштитат со ЗОПиЗГИ

Таб. 1 Земјоделски производи и храна кои можат да се заштитат со ЗОП и ЗГИ	
пиво	плута
чоколада и добиени производи	Кохинеал (суров производ од животинско потекло)
леб, пецива, колачи, слатки, бисквити и други производи од пекар	цвеќиња и украсни растенија
пијалоци направени од растителни екстракти	памук
тестенини	волна
сол	плетени гранки (нешто направено од природни плетени гранчиња)
природни мастики за џвакање и смоли	преден лен
сенф	кожа
сено	крзно
етерични масла	пердув

Таб. 2 Земјоделски производи и храна кои можат да се заштитат со ГТС	
подготвени оброци	пијалоци направени од растителни екстракти
пиво	
чоколада и добиени производи	тестенини
леб, пецива, колачи, слатки, бисквити	сол

Покрај горе наведенитеЗОП, ЗГО и ГТС,во ЕУ се развиении дополнителни нови називи за квалитет кои им помагаат на земјоделцитеда ги продаваат нивните производи произведени во отежнати природни услови, како што се планинските региони или островите. Така на пример за да се користи терминот „планински производ“, треба суровините за производите и користената храна за животните да потекнуваат од планинските области, аи преработката генерално треба да се одвива во тие области. (Регулатива (ЕУ) бр. 665/2014)

Притоа треба да се нагласи дека во ЕУ исто така се поддржуваат и доброволните сертификациони шеми (специфични шеми за квалитет кои доброволно ги развива одредена група на производители) развиени во некоја земја –членка, или пак од приватни оператори со храна, со цел да се развие ваквото производство и да се зголеми довербата кај потрошувачите.Како незадолжителни доброволни ознаки за квалитет се и локално производство, фармскопроизводство, директна продажбаи др.

ЕУ има склучено бројни договори со многу земји што гарантираат заштита на одредени производи, што значи дека во иднина такви договори може да има и со нашата земја.

2.3. Поддршка и промоција на традиционалните производители во ЕУ

Условите за поддршка и промоција на традиционалните производители дадени се воРегулативата бр.1144/2014на Европскиот Парламент и Советот за мерките за информирање ипромоција на земјоделски производи спроведувани на внатрешниот пазар и во трети земји за укинување на Регулативата (ЕЗ) бр.3/2008 на Советот.

Главна цел на оваа Регулатива е:

- да се зголеми свеста за вредноста на земјоделските производи во Унијата и за високите стандарди кои се применуваат во текот на производство;
- да се зголеми конкурентноста и потрошувачката на земјоделски производи на Унијата и одредени прехранбени производи и да се подигне нивниот профил во и надвор од Унијата;
- зголемување на свеста за значењето и признавање на шемите за квалитет;
- да го зголеми пазарниот удел на земјоделските производи и на одредени прехранбени производи, посебно фокусирајќи се на оние пазари од трети земји кои имаат најголем потенцијал за раст;

- враќање на нормалните пазарни услови во случај на сериозно нарушување на пазарот, губење доверба на потрошувачите или други специфични проблеми.

За да се подигне свеста за автентичноста на европските заштитени ознаки за квалитет, во оваа регулатива истакнати се важните информации или соодветните информации кои треба да се користат при промоција на традиционалните производи, кои главно треба да се однесуваат на:

- Специфичните методикои се применуваат во земјоделското производство, особено во однос на безбедноста на храната, следливоста, автентичноста, етикетирањето.
- Начинот на исхрана на животните, здравствените аспекти и нивната благосостојба.
- Почитувањето на животната средина и одржливоста како и
- Карактеристиките на земјоделските производи и храната, особено во однос на нивниот квалитет, вкус, разновидност или традиции;

ЕУ констатирала дека земјите во развој, кои не се членки на Унијата, треба да бидат финансиски поддржани со европски средства, бидејќи имаат огромен потенцијал за заштита на производи со традиционално специфичен карактер. Во оваа регулатива опишани се и мерките за поддршка на ваквите производителите од трети земји, каде спаѓа и Македонија, што значи дека надлежната институција (главно МЗШВ) може да аплицира и да добие средства кои ќе бидат наменети за развој на традиционалното производство во РМ.

3. ЗАКОНСКА РАМКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

Основниот законски акт преку кој може да се врши заштита на земјоделските и прехранбените производи е Законот за квалитет на земјоделски производи кој е донесен во2010година. („Службен весник наРепублика Македонија“бр. 140/2010), а потоа и неговите дополнувања 53/2011, 55/2012, 106/2013, 116/2015, 149/2015 и 193/2015). Во дел III од овој Закон дадени се основните начелаза заштита на традиционалните производи кои во принцип се усогласени со барањата во Регулативите од ЕУ.Во Р. Македонија воведени сезаштитени називи за земјоделските и прехранбените производи со цел да се зачува специфичниот и традиционален карактер на одредени домашни производи.

Со овој Закон е дефинирана заштитата на називите на ваквите земјоделски и прехранбени производи со повисок квалитет и притоа утврдени се и условите под кои тие можат да се употребуваат. На овој начин е овозможено сите земјоделски производители кои произведуваат некои специфични производи, со посебни карактеристики или пак во некој посебен регион, со примена на одредени традиционални методи, да можат истите да ги заштитат и на тој начин да им гарантираат на потрошувачите за посебниот квалитет на нивните производи.

Подзаконските акти[8] со кои подетално се регулира заштитата се следниве:

- Правилник за формата и содржината на барањето за регистрација на ознака за потекло или географска ознака.(Службен весник на РМ 77 /2012 година)
- Правилник за формата и содржината на барањето за регистрација на ознака за гарантиран традиционален специјалитет. (Службен весник на РМ 77 /2012 година)
- Правилник за формата и содржината на елаборатот кој е содржан во барањето за регистрација на ознака за потекло или географска ознака. (Службен весник на РМ 100 /2012 година)
- Правилник за формата и содржината на единствениот документ од барањето за регистрација на ознака за потекло или географска ознака. (Службен весник на РМ. 99 /2011 година)
- Правилник за формата и содржината на спецификацијата на производот за добивање ознака за гарантиран традиционален специјалитет. (Службен весник на РМ 99 /2011 година)
- Правилник за трошоците во постапката за регистрирање и користење на ознаката за потекло, географската ознака и ознаката за гарантиран традиционален специјалитет. (Службен весник на РМ 123 /2012 година)
- Правилник за формата, содржината, големината и употребата на ознаките и знаците „заштитена ознака на потекло“, „заштитена географска ознака“ и „ознака за гарантиран традиционален специјалитет“. (Службен весник на РМ 124 /2012 година)

8 http://www.mzsv.gov.mk/?q=node/1115

- Решение за определување на земјоделските и прехранбените производи кои се заштитуваат на национално и меѓународно ниво со заштита на географскиот назив со ознака на потеклото или географската ознака и заштита на традиционалниот назив со ознака за гарантиран традиционален специјалитет. (Службен весник на РМ 89 /2012 година)
- Правилник за образецот на приговорот на предложениот назив од барањето за регистрација на ознака за потекло, географска ознака или ознака за гарантиран традиционален специјалитет и образецот за доставување на информација од спогодбената постапка.
- Правилник за формата, содржината и начинот на поднесување на барањето за поништување на решението за регистрација.(Службен весник на РМ 128 /2012 година)
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на корисници на ознака за потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет. (Службен весник на РМ 99 /2011 година)
- Правилник за начинот на поднесување на барањето, формата и содржината на образецот на барањето за измена и дополнување на елаборатот односно спецификацијата. (Службен весник на РМ 100 /2012 година)
- Правилник за формата и содржината на регистарот на овластените верификациски тела. (Службен весник на РМ 101 /2011 година)

3.1. ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ

Надлежна институција за имплементација и донесување на измени и дополнувања на Законот за квалитет е Министерствотоза земоделство, шумарство и водостопанство, посебно Секторотза маркетинг и квалитет на земјоделски производи. Секторот за маркетинг и квалитет на земјоделските производи при МЗШВ е задолжен за спроведување на одредбите од глава III од Законот - Заштита на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи со заштитена ознака за квалитет,и ги изработува сите акти за целосно формирање на законската рамка за заштита на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи со заштитена ознака за квалитет. Во овој сектор се спроведува следење на состојбитена пазарите со земјоделски производи, воведувањето на нови традиционални производи и нивна промоција. Поднесувањето на пријави како и одобрувањето, се спроведува преку овој секторкој што води регистри и евиденции за производите со заштитени ознаки.Секторот организира средби со заинтересирани земјоделски задруги или здруженија на производители за да се информираат дека непречено можат да аплицираат за заштита на квалитетот на нивните производи и дека трошоците за заштита се драстично намалени односно дека нема да претставуваат значаен дополнителен финансиски товар за заинтересираните производители.Најважната цел на ваквите средбие производителите да разберат дека економскиот бенефит од заштитата на квалитетот на нивните производи е далеку поголем од иницијалните трошоци.

3.2. ОЗНАКИ ЗА КВАЛИТЕТ ВО РМ

Во Република Македонија развиенисе три називи за квалитет на земјоделски производи и храна и тоа:

- „ЗАШТИТЕНА ОЗНАКА ЗА ПОТЕКЛО“ - **ЗОП**
- „ЗАШТИТЕНА ГЕОГРАФСКА ОЗНАКА“ - **ЗГО**
- „ГАРАНТИРАН ТРАДИЦИОНАЛЕН СПЕЦИЈАЛИТЕТ“ - **ГТС**

Основната цел на развивањето на ознаките е создавање на квалитетни производи, кои гарантираат безбедност, постојан квалитет, но и специфичност, уникатност при производството, а со тоа и зачувување на локалните и регионалните традиционални производства. Со заштитата на производот се гарантира квалитетот и автентичноста на истиот, а воедно се спречува и негова фалсификација.

3.3. ЗНАЧЕЊЕ НА ОЗНАКИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ

Сите традиционални производи кои се заштитуваат со ознаките за квалитет мора да имаат докажана употреба на домашниот пазар за период кој овозможува пренос од поколение на поколение, односно традиција од најмалку 30 години.

Кај производите заштитени со географски ознаки (ЗОП и ЗГО), карактеристиките и угледот на производот се должат на географскиот регион од кој потекнуваат.

„ЗАШТИТЕНА ОЗНАКА ЗА ПОТЕКЛО“

За да може да се заштити со називот „Заштитена ознака за потекло“, потребно е производот целосно да се произведува, преработува и подготвува во определената географска област.

Производи кои потекнуваат од одредено место или регион;

Производи чиј квалитет или карактеристики, во најголем дел или исклучиво се под влијание на посебни природни, човечки фактори на одредено географско подрачје и

Производ кај кој сите производствени процеси во целост се одвиваат во дефинирано географско подрачје.

„ЗАШТИТЕНА ГЕОГРАФСКА ОЗНАКА“

За да може да се заштити со називот „Заштитена географска ознака“, потребно е барем една од етапите на производство или подготовка на производот да се одвива во тој регион.

Производи кои потекнуваат од одредено место, регион, или земја;

Производи кои имаат специфичен квалитет, углед или друго обележје кои се припишуваат на географското потекло и

Најмалку еден од производствените процеси треба да се одвива во дефинирано географско подрачје.

НАПОМЕНА: За означување на земјоделските и прехранбените производи кои што ги задоволуваатусловите за заштита со ЗОП и ЗГО се користат географски поими.

Негеографски поими може да се користат само доколку производите се со долга употреба и во прометот станале општо познати како традиционални.

„ГАРАНТИРАН ТРАДИЦИОНАЛЕН СПЕЦИЈАЛИТЕТ“

За да може да се заштити со називот „Гарантиран традиционален специјалитет“ производот треба да е специфичен сам по себе или да ги изразува посебните својства на земјоделскиот или прехранбениот производ. Називот исто така треба да е традиционален и да биде вообичаен во неговото користење.

Производи кои содржат суровини или состојки коитрадиционално се користат;

Производи кои се произведуваат и/или подготвуваат на традиционален специфичен начин.;

Производи кои имаат специфичен квалитет, углед или друго обележје и истите се припишуваат на традицијата.

Кои се сличностите помеѓу трите видови ознаки за квалитет?

МеѓуЗОП, ЗГО и ГТС има сличности:

- сите зашитени производи носат лого на МК (може и на ЕК- ако истите се регистрираат во ЕУ), кое ги одликува како производи со повисок квалитет;
-
- заштитата се однесува на називите на производите, а не на одделни производители како што е тоа случај кај заштитата на трговска марка.

Кои се разликите помеѓу трите видови заштита на производи?

Меѓу заштитените производи со ознаките ЗОП, ЗГО и ГТС има разлики:

- за ЗГО/ЗОП спецификите на производот се поврзани со географскиот регион, а кај ГТС постои врска со сочуваната традиција, со човечкиот фактор, а не со местото на производство;
- покрај првата регистрирана групапроизводители на производи со ЗГО и ЗОП, логото може да го користат и други производители кои произведуваат во определениот географски регион кои притоа се регистрирани и контролирани од надлежните служби;
- за да има право да го носи логото на храна со ГТС, доволно е производот или храната да одговара на спецификацијата и да подлежи на контрола. Нема услов за запазување на регионот на производство.

3.4. КАТЕГОРИИ НА ПРОИЗВОДИ КОИ ШТО МОЖЕ ДА СЕ ЗАШТИТАТ

Според Законот, земјоделските и прехранбени производи кои што можат да се заштитат на национално и меѓународно ниво се дадени во следниве табели.

Таб. 3 Производи кои можат да се заштитат со ЗАШТИТЕНА ОЗНАКА НА ПОТЕКЛОТО (ЗОП) ИЛИ ЗАШТИТЕНА ГЕОГРАФСКА ОЗНАКА (ЗГО):	
Месни производи (готвени, солени, чадени и др.)	Паста од сенф
Сирења	Тестенини
Други производи од животинско потекло	Сено
Масла и масти (путер, маргарин, масло и др.)	Есенцијални масла
Овошје, зеленчук и житарици, свежи или преработени	Плута
Свежа риба, мекотели, ракови и производи добиени од нив	Cochineal (сирови производи од животинско потекло од одредени инсекти)
Други производи од Анекс I на Договорот (зачини и др.)	Цвеќина и декоративни растенија
Пиво	Волна
Природни минерални води или изворски води	Врбов стап за плетење
Пијалоци произведени од растителни екстракти	Обичен лен
Леб, колачи, торти, кондиторија, бисквити и друга пекарска стока	

Таб. 4 Производи кои можат да се заштитат со традиционалниот назив со ознака за ГАРАНТИРАН ТРАДИЦИОНАЛЕН СПЕЦИЈАЛИТЕТ (ГТС):	
Свежо месо (и изнутрици)	Чоколади и други прехранбени производи кои содржат какао
Месни производи (готвени, солени, чадени и др.)	Кондиторија, леб, печива, колачи, бисквити и други пекарски производи
Сирења	Претходно готвени јадења (готови оброци)
Други производи од животниско потекло (јајца, млеко, различни млечни производи, освен путер и др.)	Подготвени зачински сосови
Масла и масти (путер, маргарин, масло и др.)	Супи и чорби
Овошје, зеленчук и житарици, свежи или преработени	Пијалоци кои се направени од растителни екстракти
Свежа риба, мекотели, ракови и производи добиени од нив	Сладоледи и сорбеа
Други производи од Анекс I од Договорот (зачини и др.)	
Пиво	

4. ПОТРБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ДОБИВАЊЕ ЗАШТИТЕНИ ОЗНАКИ

4.1. ДОБИВАЊЕ НА ЗОП И ЗГО

При процесот на дефинирање на производот со некоја од ознаките ЗОП или ЗГО треба да се обрне внимание на разликата помеѓу овие две заштитени ознаки.Кај ЗГО постои поврзаност со регионот на потекло во најмалку еден од производствените процеси на производство, преработка или подготовка на готовиот производ. Кај ЗОП пак, сите чекори на производство, преработка и подготовка мора да се изведуваат во наведениот регион.Комисијата при МЗШВ ќе изврши проценка дали производството, преработката и подготовката на пријавениот производ може да се извршат во определениот регион и ќе се одлучи во кој регистар ќе го внесе производот.

4.1.1. БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЗОП И ЗГО

Барањето е објавено во Правилникот за формата и содржината на барањето за регистрација на ознака за потекло или географска ознака Службен весник на РМ 77 /2012 година(Прилог 1 – Образец за барањето на регистрација на ознака за потекло или географска ознака). Во барањето се внесуваат: називот на земјоделскиот или прехранбениот производ,видот на ознаката за која се бара регистрација, податоци за групата на производители која го поднесува барањето, број на решението за регистрација, како и датумот и местото на издавање на решението, податоци за членовите кои ја сочинуваат групата иподатоци за верификационото тело.

Останати потребни документи што се поднесуваат како прилог на барањето се: **елаборат и единствен документ.**

Додека пак, технички документи што се поднесуваат како прилог на барањето се:заверена фотокопија од решението за регистрација на групата, статут на групата, сертификат за соодветност на елаборатот со производот, што го издава верификационото тело, полномоштво за лицето кое ја застапува групата која го поднесува барањето иподатоци за моменталното, како и планираното производство на групата.

4.1.2. ЕЛАБОРАТ ЗА ЗОП И ЗГО

Елаборатот е клучниот документ кој треба да се изработи за да се добие заштитата за производот. Земјоделскиот или прехранбениот производ добива ознака за потекло или географска ознака врз основа на изработениот елаборат (Прилог 2 - Образецот за елаборатот кој е содржан во барањето за регистрација на ознака за потекло или географска ознака).Со цел разбирање на формата и содржината на елаборатот дадени се следните насоки и објаснувања:

А) Назив на земјоделскиот или прехранбениот производ

Во ова поле од образецот за елаборатот се внесува името на производот кој сакаме да го заштитиме. Постојат неколку случаи на имиња кои не смеат да се регистрираат, и тоа:

- Имиња кои се толку слични на имињата на растенија и животни што може да ги доведат во заблуда потрошувачите;
- Имиња кои може да се поврзат со некоја трговска марка која толку долго се употребува, што со регистрацијата на производот, би можеле да се доведат во заблуда потрошувачите за вистинскиот идентитет на производот;
- Генерички имиња кои се користат за еден производ независно од неговото потекло.

Б) Видот на ознаката за која се бара регистрација

Во овој дел се обележува полето за ознаката за која производот е најсоодветен.

В) Назив на групата на производители која го поднесува барањето

Групата ја дефинираме врз основа на категоријата на производот која треба да се одбере како една од наведените во таблата од 3.4.

Г) Податоци за производот

Овој дел се состои од повеќе делови:
- категорија на производот
- опис на земјоделски или прехранбен производ
- опис на суровински материјал само за преработените производи
- опис на методот и фазите на производство кои се одвиваат во одредено географско подрачје и
- опис на посебни методи кои се однесуваат на сечење, мелење, пакување и сл.

Описите треба да дадат јасна слика за карактеристиките на производот според кои што дадениот производ се разликува од другите производи од иста категорија која пак е наведена во делот 3.4.Исто така, деталниот опис на преработката, пакувањето и презентацијата на производот може да биде многу значаен, бидејќи одредени технолошки постапки како што се начинот на сечење, рендање или пакување можеда бидат суштински за карактеристиките и вредноста на дадениот производ.Секако дека е потребно да се наведат и сите суровини кои се користат за негово производство.

Описот на производот и на суровините треба да содржи и информации за:
- физичките карактеристики (форма, боја, тежина итн.);
- хемиските карактеристики (минимум содржина на масти, максимум содржина на вода итн.);
- микробиолошки податоци (на пример: присуство на бактерии);
- биолошки податоци (раса, сорта итн.);
- сензорни карактеристики (вкус, арома, боја, мирис итн.).

Во елаборатот мора да биде точно објаснета постапката за добивање на производот, на тој начин што секој нов производител во регионот да може самиот да го произведе.При опишувањето треба да се обрне внимание на автентичноста и непроменливите локални методи на производство, како и информации околу пакувањето.Пакувањето се опишува само ако производителите проценат дека процесот на пакување е битна постапка која влијае на посебниот квалитет на производот, или е важно пакувањето да се спроведе во дефинираниот географскиот регион за да се сочува квалитетот на производот или пак за да се обезбеди соодветна контрола на потеклото.

Д) Доказ дека земјоделскиот или прехранбениот производ потекнува од одреденото географско подрачје

Во овој дел треба да се обезбедат следниве докази за да се потврди дека производот потекнува од опишаното подрачје:

- за набавувачот, количеството и потеклото на сите примени количини суровинии/или производи;
- за примателот, количината и дестинацијата на обезбедените производии
- за врската помеѓу секоја влезна и излезна група;

Во елаборатот треба детално да биде опишана врската на производот со географскиот регион, а притоа мора да се докаже и следливоста на дадениот производ преку водење на документација, различни регистри и сл.Тоа значи дека треба да се опише целокупното движење на производот од суровина до готов производ, со целосни податоци за суровините и финалниот производ.

Ѓ) Дефиниција на географското подрачје

Во елаборатот треба прецизно да се определи георгафскиот регион, односно да се дефинираат границите каде се врши производството односнопреработката.

Географските граници на производството/преработката на дадениот производ во основа се определуваат според природните фактори или дејностите на луѓето, а понекогаш според административни граници.Во елаборатот треба точно да бидат дефинирани границите на географскиот регион и притоа по можност треба да се приложат соодветни географски карти.Во исклучителни случаи тоа може да биде и име на држава, ако територијата на државата отсликува хомогени карактеристики кои се релевантни за барањето за регистрација на дадената ознака за квалитет.

Е) Поврзаност на производот со географското подрачје

Во овој дел треба да се опишат карактеристиките на географското подрачје: геолошки, климатски и педолошки карактеристики, релјеф, хидрологија и хидрографија на подрачјето, видот на почвата, топографијата, вегетацијата итн, односно сè што може да влијае врз квалитетот и специфичноста на финалниот производ.

Исто така во елаборатот треба детално да бидат опишани специфичните карактеристики на производот кои се резултат на специфичните услови во дефинираниот географски регион, како на пример флората и вегетацијата на пасиштата кои влијаат за специфичен вкус на некој млечен или производ од месо, педолошки или други карактеристики кои влијаат за специфична сорта на растение итн.

Кај ЗГО И ЗОП најзначаен елемент претставува објаснувањето за поврзаноста на производот со определениот географски регион, односно врската помеѓу одредено географско подрачје и квалитетот или карактеристиките на производот.Притоа треба да се објасни како карактеристиките на тој регион влијаат на крајниот производ.

Во елаборатот треба:

- Детално да се опишат специфичните географски фактори - природните и човечките кои се битни за врската со дадениот производ;
- Детално да се обрне внимание на квалитетот или карактеристиките на земјоделскиот производ кои зависат само од географскиот регион;
- Во објаснувањето да се покаже зошто производот е поврзан со дадениот регион, односно причините за нивната меѓусебна зависност;

Имено, со елаборатот, посебно во овој дел, треба описно да се покаже дека таков производ не е можно да се произведе во други региони.За ЗГО и ЗОП не е доволно да се каже дека дадениот регион е специјализиран за производство на одреден производ.Подносителот на барањето мора да ја докаже причинската поврзаност помеѓу регионот и својствата или пак репутацијата на производот.Така, на пример, видот на почвата, топографијата, вегетацијата итн.можат да влијаат на финалниот производ. Локалните знаења и специјалните производни вештини исто така се мошне важни.

Кога се пишува производната спецификација, основната разлика помеѓу ЗОП и ЗГО е поврзаноста со географскиот регион и тоа во:

ЗОП	ЗГО
ЦЕЛОСНА ПОВРЗАНОСТ НА ПРОИЗВОДОТ СО ГЕОГРАФСКИОТ РЕГИОН	СПЕЦИФИЧНА ПОВРЗАНОСТ НА ПРОИЗВОДОТ СО ГЕОГРАФСКИОТ РЕГИОН
треба да се даде објаснување за поврзаноста на производот во сите фази од производството со регионот	треба да се даде објаснување само за оние фактори или фази од прозводството кои се поврзани со регионот

Во елаборатот мора да биде дадена и историската поврзаност на производот со дефинираното географско подрачје, каде се дава опис за традиционалното производство, како и одредени докази за постоење на ваквиот производ најмалку 30 години.Во овој случај е неопходно да се обезбедат податоци од литература, записи од производството, фотографии, објавени патописи и сл.

4.1.3. ЕДИНСТВЕН ДОКУМЕНТ

Овој документ е составен дел од барањето за регистрација на ознака за потекло или географска ознака, кој може да се поднесе во писмена и електронска форма. Во единствениот документ се внесуваат само најбитните податоци од елаборатот во скратена верзија.

Прилог 3: Образец за единствениот документ од барањето за регистрацијана ознака за потекло или географска ознака

4.2. РЕГИСТРАЦИЈА НА ОЗНАКА ЗА ГТС

При процесот на поднесување на барањето за регистрација на производ со ГТС треба да се обрне внимание на следните аспекти:

- Барање за регистрација може да поднесесамогрупа напроизводители.
- Повеќе групи на производители од повеќе држави членки на ЕУ или држави кои не сечленки на ЕУ можат да поднесат заедничко барање за регистрација.
- Групата на производители може да поднесе барање за регистрацијасамоза ониеземјоделски односно прехранбени производи кои ги произведува односно добива.

4.2.1. БАРАЊЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ГТС

Барањето е објавено во Правилникот за формата и содржината на барањето за регистрација на гарантиран традиционален специјалитет Службен весник на РМ 77 /2012 година(Прилог 4 – Образец на барањето за регистрација на ознака за гарантиран традиционален специјалитет). Во барањето се внесуваат: називот на земјоделскиот или прехранбениот производ; Податоци за групата на производители која го поднесува барањето; Податоци за членовите кои ја сочинуваат групата; Податоци за верификационото тело.

Во прилог на барањето треба да се поднесе спецификација за производот.

Останати потребни технички документи што се поднесуваат како прилог на барањето се: заверена фотокопија од решението за регистрација на групата; статут на групата; потврда за соодветност на спецификацијата со производот, што ја издава верификационото тело; полномоштво за лицето кое ја застапува групата која го поднесува барањето; доказ за традиционалниот карактер на производот.

4.2.2. СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА ДОБИВАЊЕ ОЗНАКА ГТС

Спецификацијата е клучниот документ кој треба да се изработи за да се добие ознаката ГТС. За да се разбере формата и содржината на спецификацијата (Прилог 5:Спецификација на производот за добивање ознака за гарантиран традиционален специјалитет) дадени се следните насоки и објаснувања:

А) Назив на земјоделскиот или прехранбениот производ

Производот нема да може да се регистрира под име кое:

- создава заблуда односно е посебно и упатува на очигледните својства на производот или
- својството е такво што не одговара на производот, па може да ги наведе потрошувачите на погрешно мислење за карактеристиките на производот.

Б) Карактер на називот

Во овој дел се внесувакраток опис на производот и тоа со прецизно наведување на карактеристиките кои се потребни за препознавање на производот и неговите посебни својства.

В) Назнака дали регистрацијата е со или без резервација на називот

Кога се поднесува барање за регистрација на ГТС, производителите може да поднесат спецификација со или без резервација на името. Името може да се заштити само технологијата на производство, но не и името (тоа значи дека во Барањето се наведува без резервација на име) или да се заштити и производството и името, што значи дека производителите во Барањето наведуваат заштита на производот со резервација на името.

- Без резервација на име значи дека регистрираното име може да продолжи да се употребува на ознаките на производите кои не содејствуваат со регистрираната спецификација, но не смее да се прикажува ознаката „Гарантиран ТрадиционаленСпецијалитет“ или кратенката ГТС или логото за ГТС. Пример: Mozzarella сирењето има ГТС без резервација на името.
- Со резервација на име значи дека името повеќе не смее да се употребува за слични прехранбени производи кои не содејствуваат со регистрираната спецификација, дури нибез да биде прикажана ознаката „Гарантиран ТрадиционаленСпецијалитет“ или кратенката ГТС или логото за ГТС.

Г) Категорија на производот

Избраната категорија на производот треба да припаѓа на една од категориите на производи наведени во делот 3.4

Д) Опис на земјоделскиот или прехранбениот производвклучувајќи ги неговите главни физички, хемиски, микробиолошки или органолептички својства

Описите треба да дадат јасна слика за карактеристиките на производот според кои што дадениот производ се разликува од другите производи од иста категорија која пак е наведена во делот 3.4.

Ѓ) Опис на методот на производство, подготовката и природата и својствата на употребените суровини или состојки кои производителите мораат да го следат.

Во овој дел се наведува само методот кој во моментот се користи за добивање на производот.Историските методи на производство на производот не треба дасе наведуваат доколку производот повеќе не се произведува на таков начин.

Е) Елементите кои ги одредуваат посебните својства на производот

Елементите кои ги одредуваат посебните својства на производот ги вклучуваат клучните разлики помеѓу традиционалниотпроизвод и останатите слични производи од истата категорија на производи како и основните препораки за употреба.

Ж) Елементи кои го докажуваат традиционалниот карактер на производите

Тоа подразбира вклучување на главните елементи кои останале непроменети.

3) Минималните барања и постапки за проверка на посебните својства.

Во овој дел треба да се наведат информации за начините и фреквенцијата на проверките со коишто може да се врши контрола на посебните својства и методот на производство.

4.3. ПОСТАПКИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА, МОЖНОСТ, КОНТРОЛА И ТРОШОЦИ ПРИ ДОБИВАЊЕНА ОЗНАКА ЗА КВАЛИТЕТ

4.3.1. ЧЕКОРИ ПРИ РЕГИСТРАЦИЈА НА ПРОИЗВОД СО ЗАШТИТЕНА ОЗНАКА

Чекор 1. Најпрво производителите на некој производ за регистрација мора да се здружат во група која е заинтересирана заеднички да заштити производ. Во принцип групата која заштитува производ може да биде регистрирана како здружение на производители (според Законот за здруженија и фондации), но можат да бидат и дел од членовите на веќе постоечкото здружение или пак група на производители (неформална група) без разлика на нивниот правен облик или состав(кооперативи или фирма).Заинтересираната група на производители треба да има направено договор за меѓусебна соработка и интерес во кој што се назначува и претставникот на групата пред надлежната институција (МЗШВ).Тој договор треба да биде заверен на нотар.

Во исклучителни случаи, една личност може да поднесе барање за регистрација, но притоа треба да ги исполни следниве услови:

- Да биде единствен производител во тој регион кој е заинтересиран да го пријави производотза регистрација;
- Определениот регион значително да се разликува од соседните региони и карактеристиките напроизводот да бидат различни од оние кои се произведуваат во соседните региони.

Групата на производители треба да го дефинира својот производи врз основа на карактеристиките одлучуваат за која заштита ќе поднесат барање. По донесување на одлуката групата се консултира со МЗШВ како надлежен орган за приоритетноста и се донесува крајна одлука која одлука ќе се примени.

	Ознака за квалитет	
	ЗОП / ЗГО	**ГТС**
Потребни документи	Барање за регистрација	Барање за регистрација
	Елаборат	Спецификација
	Единствен документ	

Чекор 2. Министерот формира стручна комисија за спроведување на постапката за регистрирање на заштитени ознаки на земјоделските и прехранбените производи.Комисијата е составена од седум членови од кои три постојани членови од Министерството, три членови експерти од соодветната област и еден член претставник на подносителите на барањето.Стручната комисија ги проверува:

- доставените документи - елаборатот или производната спецификација и
- исполнувањето на законските барања од релевантниот закон и правилниците.

Доколку доставените документи во склоп на барањето се прифатливи,основани и целосни во рок од десет дена се објавува одлука на веб страницата на Министерството и во Службен весник на РМ.

Дали може да се поднесе приговор против барањето?

Секое домашно и странско правно или физичко лице кое има правен интерес, различни законски причини или има одредени интереси, или пак е лице кое е населено или живее на наведената територија има право да поднесе приговор на предложениот назив. Приговорот се поднесува до Министерството во рок од шест месеци од денот на објавувањето. Имено, како дел од постапката за проверка на поднесеното барање за регистрација на производ со заштитена ознака, МЗШВ мора да обезбеди објавување на поднесеното барање, а со тоа да овозможи поднесување на приговори во однос на барањето.

Што се случува доколку некој има поднесено приговор до Стручната комисија?

Доколку некое надворешно домашно или странско тело има поднесено приговорпротив регистрација на некој производ, Стручната комисија мора да ги следи предвидените чекори, како на пример:

- Утврдување на прифатливоста на поднесениот приговор, односно утврдување дали приговорот има законска основа(одбивање на приговорот, доколку е неприфатлив);
- Иницирање на процес на преговори помеѓу двете погодени страни за да се изнајде прифатливо решение;
- Доколку двете страни не најдат прифатливо решение, одлуката ја донесува Стручната комисија.

Чекор 3. По завршувањето на сите процедури, Министерот донесуварешение за регистрација наознака на потекло, географска ознака или ознака за гарантиран традиционален специјалитет, по што следи внесување ворегистар. Решението за регистрација се објавува во „Службен весник на Република Македонија".Податоците за заштитениот производ се објавуваат на веб страницата на Министерството.Целата процедура од пријавување до регистрација трае од 6 до 8 месеци (ако нема никаков спор или конфликт на интереси).

Министерството води регистар за сите заштитени производи со ознака за потекло и географска ознака и регистар за заштитени производи со гарантиран традиционален специјалитет.Со влегувањето во сила на решението, регистрираната ознака се запишува во Регистри за секоја заштита посебно.

4.3.2. МОЖНОСТ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ДРУГИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ДАДЕН ПРОИЗВОД СО ВЕЌЕ ЗАШТИТЕНА ОЗНАКА

Сите производители или групи на производители во географското подрачје каде што се произведува производ со ЗГО односно ЗОП имаат право да го употребуваат регистрираното име за продажба на производот.Притоа мора да ги исполнат утврдените услови за производство на производот наведени во елаборатот или производната спецификација.Заради ова, генерално, барањето за регистрација се поднесува од група на производители кои во основа ги претставуваат сите заинтересирани производители во подрачјето.Исто така и потрошувачите,како и други заинтересирани страни можат да и припаѓаат на групата која го понесува барањето за регистрација.

Групата на производители која поднела барање за регистрација, односно секој нејзин член којја поминал постапката заверификација на соодветноста со елаборатот и/или спецификацијата, се запишува во соодветниот регистар, и тоа:

- Регистарот на корисници на ознаки на потекло;
- Регистарот на корисници на географски ознаки или
- Регистарот на корисници на ознака за гарантиран традиционален специјалитет.

Министерството на секој производител и/или преработувач кој што ги исполнува условите му издава решение за запишување во соодветниот регистар.

Секој нов производител или преработувач кој не е член во групата на производители или е нејзин член, но ја нема поминато постапката на верификација на соодветноста со елаборатот или спецификацијата во текот на постапката за регистрација на ознаката, има можност во понатамошен период кога ќе ги исполнет бараните услови да се приклучи кон групата врз основа на ново барање и доказ за исполнување на условите.

4.3.3 ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТОТ ИЛИ СПЕЦИФИКАЦИЈАТА

Групата на производители која е внесена во регистар може да поднесе **барање за измена и дополнување**[9] на елаборатот (на пример со цел промена нагеографско подрачје;прифаќањена нови достигнувања во областа на науката и технологијата итн.) или измена и дополнување на спецификацијата.

9 Правилник за начинот на поднесување на барањето, формата и содржината на образецот на барањето за измена и дополнување на елаборатот односно спецификацијата.

4.3.4. ПОНИШТУВАЊЕ НА РЕГИСТРАЦИЈАТА НА ПРОИЗВОДОТ

Врз основа на барање на лица кои имаат законска основа или добра причина да поднесат барање за бришење на регистрираниот производ или доколку Стручната комисија утврди дека повеќе не се исполнети барањата во елаборатот и/или производната спецификација, регистрацијата на ознаката на производ може да биде поништена.

Доколку, по поднесено барање за поништување на решение за регистрација[10] на заинтересирано правно или физичко лице, се утврди дека производството на земјоделскиот или прехранбениот производ не е во согласност со условите наведени во елаборатот или спецификацијата, министерот на предлог на комисијата, донесува решение за бришење на субјектот од соодветниот регистар.

4.3.5. СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНТРОЛА

Во Законот[11] е дефинирано дека по регистрацијата на производот кој што е заштитен со некоја од ознаките за квалитет, контролата на усогласеноста со елаборатот или спецификацијата, ја спроведуваат верификациски тела. Притоа сите корисници на заштитената ознака подлежат на контрола.Верификацијата на соодветноста со елаборатот или спецификацијата се спроведува по поднесување на барањето, како и за време на постапката за регистрација на ознаката.

Во случај кога овластеното верификациско тело утврди дека производот не е соодветен со елаборатот или спецификацијата, тоа е должно веднаш да го извести Министерството со образложение за несоодветноста.

Акредитираните верификациски тела треба да бидат овластени од министерот.За нив се води посебен Регистар и истите треба да бидат објавувани во „Службен весник на Република Македонија" и на веб страницата на Министерството. Во РМсѐуште нема овластени верификациони тела, затоа контролата ја спроведува стручна комисија назначена од министерот.

Покрај контролата за усогласеноста на производот со елаборатот или спецификацијата, се спроведуваат и официјални инспекциски контроли. Во РМ инспекциски надзор за земјоделските и прехранбените производи заштитени со ЗОП, ЗГО или ГТС кои се ставаат во промет врши надлежниот инспектор од Државниот инспекторат за земјоделство во согласност со одредбите на Законот за квалитет на земјоделски производи (дел III) и подзаконските акти од оваа област.

4.3.6. ТРОШОЦИ

Трошоците во постапката за регистрирање и користење на ознаката за потекло, географската ознака и ознаката за гарантиран традиционален специјалитет се на товар на подносителот на барањето.

Со цел поттикнување на производителите и преработувачите да спроведуваат заштита на квалитетот на своите производи, предвидени се мерки за финансиска поддршка од „Програмата за финансиска поддршка за земјоделство"за 2017 и 2018 година и тоа:

- Преку спроведување на јавен повик за користење на мерката кофинансирање на 50% од трошоците во процесот на заштита на квалитетот и поддршка на производителите кои користат заштитени македонски називи.
- Со 80% се покриваат трошоците направени за воведување на заштитена ознака за квалитет, за изработка на елаборат на производот, анализи, трошоци за контрола и верификација за соодветноста на елаборатот со производот.

4.4. МЕЃУНАРОДНА РЕГИСТРАЦИЈА

Со внесувањето во регистрите за заштитени производи, називот на производот е заштитен само во РМ. Ако сакаме производот да биде заштитен на цела територија на Европската Унија тогаш потребно е да се поднесе барање до Европската комисија за внес во DOORбанка на податоци за заштитени називи на производи на Европската комисија[12]. Имено, група на производители од Македонија кои сериозно го подготвиле документот за аплицирање и ги обезбедиле

10 Правилник за формата, содржината и начинот на поднесување на барањето за поништување на решението за регистрација.
11 Закон за квалитетот на земјоделските производи
12 http://ec.europa.eu/agriculture/foodqual/protec/thirdcountries/index_en.htm

сите потребни барања за заштита на производот со некоја од ознаките, а притоа добиле согласност од МЗШВили имаат спроведено регистрација на производот во РМ, можат да поднесат барање за регистрација во Европската комисијадиректно или преку Министерството.

Европската комисија го проверува поднесеното барање за регистрација на производ со заштитен назив заедно со производната спецификација, и ако се исполнети сите барања од регулативите целиот документ јавно се објавува секој месец во Службен весник на Европската комисија. Потоа постапките се скоро исти како во РМ, се до конечно регистрирање на производот во ЕУ.Ознаките на потекло, географските ознаки и ознаките за гарантиран традиционален специјалитет можат да се заштитат и во странство врз основа на билатерални договори за заемна заштита или меѓународни договори кои се ратификувани од Република Македонија, како и врз основа на поднесеното барање за заштита согласно со прописите на земјата во која се врши заштитата.

Доколку називот на заштитената ознака на потекло или географската ознака означува прекугранично географско подрачје или кога традиционалниот назив е поврзан со прекуграничното географско подрачје, повеќе групи на производители можат да поднесат заедничко барање во согласност соправилата пропишани со прописите на Европската Унија.

Барањето и документацијата до Европската комисија се испраќаат на еден од службените јазици на Европската Унија во пишана и електронска форма.

5. МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА ВО ОДНОС ЗАШТИТЕНИТЕ ТРАДИЦИОНАЛНИ ПРОИЗВОДИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА И БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ

Во ЕУ се заштитени повеќе од 1500 традиционални производи од кои со заштитена ознака за потекло се 630, со заштитена географска ознака се 830, а како гарантиран традиционаленспецијалитет56 производи. Како водечки земји се Италија и Франција со повеќе од 300 производи по земја. Според последните податоци, вкупната вредност на трговијата со овие производи на ниво на ЕУ изнсува 54,3 милјарди евра.

Вонашите соседни земји, кои се членки на Европската Унија, заштитата на производите се спроведува на ниво на ЕУ и нивните заштитени производи се објавени во DOOR. Овие земји имаат заштитено повеќе производи и тоа: Хрватска има заштитено 12 производи со ЗОП и 7 произоди со ЗГО, Словенија 8 со ЗОП, 13 со ЗГО и 3 произоди со ГТС, додека Бугарија само еден производ со ЗГО и 5 производи со ГТС (дадени во табела со нивните оргинални називи).

Во Европската Унијапостојат разлики во цените на производите со заштитени ознаки во однос на оние кои немаат заштита, така во Франција за сирења цената е повисока за околу 30%, а за вината до 230%. Обично сирењата и млечните производи кои се со заштитена ознака имаат повисока цена за повеќе од 2 евра.

Во трговијата со производи со заштитена ознака во Италија се остварува обрт од околу 12 милјарди евра, а во Шпанија околу 3,5 милјарди.

Заштитени производи од балкански држави членки на ЕУ - објавени во DOOR

Потекло	PDO (ЗОП)	PGI (ЗГО)	TSG (ГТС)
Бугарија	/	• Горнооряховски суджук	• Роле Трапезица • Кайсерован врат Тракия • Филе Елена • Луканка Панагюрска • Пастърма говежда
Хрватска	• Slavonski med • Šoltansko maslinovo ulje • Paška janjetina • Korčulansko maslinovo ulje • Paška sol • Krčko maslinovo ulje • Istarsko ekstra djevičansko maslinovo ulje • Istarski pršut / Istrski pršut • Ogulinski kiseli kupus/ Ogulinsko kiselo zelje • Ekstra djevičansko maslinovo ulje Cres • Neretvanska mandarina	• Međimursko meso ‘z tiblice • Zagorski mlinci • Lička janjetina • Zagorski puran • Poljički soparnik/Poljički zeljanik/Poljički uljenjak • Dalmatinski pršut • Drniški pršut	/
Словенија	• Ekstra deviško oljčno olje Slovenske Istre • Bovški sir • Piranska sol • Kočevski gozdni med • Kraški med • Mohant • Nanoški sir • Tolminc	• Ptujski lük • Kranjska klobasa • Štajersko prekmursko bučno olje • Kraški pršut • Prleška tünka • Slovenski med • Kraški zašink • Kraška panceta • Prekmurska Šunka • Šebreljski želodec • Zgornjesavinjski želodec • Štajerski hmelj • Jajca izpod Kamniških planin	• Idrijski žlikrofi • Belokranjska pogača • Prekmurska gibanica

Кога еден производ е заштитен на ниво на ЕУ, други производители од останатите земји членки, не смеат да го користат истото име. Во ЕУ неретко се случуваат спорови околу називите и заштитата на производите со географско потекло, како што беше спорот помеѓу Хрватска и Словенија за користењето на името на производот „Крањска кобасица“. Имено Словенија во 2012 година го заштитила крањскиот колбас со ознака ЗГО. На тоа Хрватска поднесе жалба до ЕК, со образложение дека истиот производ традиционално се произведува и во нивната земја. Спорот бил компромисно решен во 2014 година, на тој начин што примената на законските одредби за заштитената ознака на крањскиот колбас, во Хрватска е одложена за 15 години. Тоа значи дека во Хрватска наредните 15 години може да се произведува и продава производ со назив Крањски колбас, иако во Европската Унија е заштитен како оригинален словенечки производ. Хрватска, во овој период од 15 години, треба да се прилагоди и да создаде ново име за нивниот крањски колбас.

Во земјите кои граничат со Македонија, а не се членки на ЕУ,заштитата на традиционалните производи е во зачеток и главно се спроведува преку институтите за интелектуална сопственост. Главната разлика во заштитата на производите преку интелектуална соспственост и преку Министерствата за земјоделство е дадена во табелата.

	Заштита преку Министерства согласно Законот за квалитет на земјоделски производи:	**Заштита преку Агенција или институт за интелекуална сопственост:**
Кои производи можат да се заштитат?	Само земјоделски и прехранбени производи плус одредени споредни производи од земјоделството како: ▸ Плута; ▸ Cochineal (сирови производи одживотинско потекло добиени од одредени инсекти); ▸ Цвеќиња и декоративни растенија; ▸ Волна; ▸ Врбов стап за плетење и ▸ Обичен лен;	• Земјоделски производи (домати, пиперки, грашок итн.); • Прехранбени производи (сирење, камак, пршута ...); • Природни производи (камен, мермер, волна, стакло ...); • Занаетчиски производи (крап, опинак ...); • Индустриски производи; • Производи за домаќинството (рачно изработени производи;
Која е разликата во користењето на заштитената ознака?	Секој производител кој го произведува заштитениот производ во опишаниот регион и кој ги почитува стандардите наведени во елаборатот може да ја користи заштитената ознака без никаквовнадоместок (постапката е објаснета во документот).	Заштитената ознака може да ја користат само тие што учествувале во апликацијата за заштита, а останатите ако сакаат да се вклучат треба да плаќаат соодветен надоместок за користење на таа ознака (овластени корисници).
Цел на заштитата?	Рурален развој, можност на сите кои живеат и произведуваат во дадениот регион подеднакво да ги користат бенефитите од заштитениот производ а со тоа се овозможува и развој на регионот.	Заштита само на одредени производители.

Случај 1. Состојбата во Р. Србија

Во рамките на Министерството за земјоделство на Р. Србија е формирана група за квалитет, обележување и означување на храната која што ги спроведува активностите во однос на: дефинирање на политиката за квалитетот и означување на храна, земјоделски и прехранбени производи со географски ознаки освен вината и жестоки пијалоци, овошје и зеленчук, пиво, безалкохолни пијалоци и органски производи. Преку неа се спроведува и контролата за исполнување на условите за користење на географски ознаки за земјоделски и прехранбени производи; издавање контролни марки на овластени корисници на земјоделски и прехранбени производи со географска ознака. Во Србија е воспоставен систем за сертификација на производи со ознака на географско потекло, а по неговото активирање сите производи треба да бидат означени со контролни марки издадени од Министерството за земјоделство. Тие претставуваат гаранција за потрошувачите дека производот потекнува од одредена област и дека има специфичен квалитет и врз основа на серискиот број на печатот ќе се воспоставува сигурен систем за следење.

Во Србија вкупно има 49 производи заштитени со географска ознаки (како на пр.Говедска пржена пршута, Ужичка сланина, Хомо овчо сирење, Футошка свежа и кисела зелка, Хомољски мед, Лесковачки домашен ајвар, Фрушка Гора варов мед, Интрига мед и др.). Овие заштити на производите се спроведени согласно Законот за ознаки за производи со географско потекло ("Sl. glasnik RS", br. 18/2010), и се спроведуваат преку Заводот за интелектуална сопственост. Најголемиот проблем за производите со географска ознака, заштитени од страна на канцеларијата при Заводот за интелектуална сопственост, е тоа што има многу мал број регистрирани овластени корисници. Од вкупно 49 заштитени домашни производи, само 10 од нив имаат корисници.

Заради тоа се констатирало дека треба да се создаде одржлив оперативен систем за заштита на производите направени по традиционални методи, односно, да се направи подобар систем на контрола и заштита на обележувањето и да се направат овие производи повидливи за потрошувачите. Но сепак постојат сомневања во однос на економскиот момент на потрошувачите односно прашањето колку луѓето имаат куповна моќ да купат производи со географска ознака кои обично се поскапи.

*превземена од објавена статија на Z. Radović 18.januar 2014. Р.Србија
Слика Заштитени производи во Р. Србија (Завод за интелектуална сопственост)

Во Србија од 2016 година се развива ознаката„Српски квалитет"кој е национална ознака за квалитет со која се означуваат земјоделските и прехранбените производи со цел да ги информира домашните и странските потрошувачи за нивните специфични својства. Со оваа ознака се гарантира квалитетот на производите со специфични карактеристики, првенствено произведени од суровини исклучиво од територијата на Република Србија и докажан супериорен квалитет во однос на производи од истата категорија на пазарот. Овој доброволен стандард за квалитет е регулиран со Уредбата за означување на земјоделски и прехранбени производи со националната ознака за квалитет„српски квалитет" (Службен весник на Р.Србија 90/2016). Оваа ознака за квалитет не е само за традиционалните производи туку се однесува на сите земјоделски и прехранбени производи, што значи и за индустриски производи.

Случај 2. Состојбата во Босна и Херцеговина

Во Босна и Херцеговина заштитата на ознаките за оригиналност и означување на географско потекло на прехранбени производи е регулирано со Правилници (Правилникот за ознаки за оригиналност и ознаки загеографско потекло на храната, „Службен весник на БиХ", бр 27/10; Правилникот за ознака на храна со традиционална посебноста „Службен весник на БиХ", бр 27/10 и Правилник за формата и начинот на употреба на ознаката за оригиналност, географско потекло и традиционален производ, „Службен весник на БиХ", бр 81/12),донесени во согласност со Законот за храна („Службен весник на БиХ", бр. 50/04). Агенцијата за безбедност на храна има изработено Водич[13] кој на едноставен и пријателски начин ги дава потребните информации во врска со процесот за регистрација.

Но сепак според мислењата на стручната јавност, заштитата на прехранбените производи во БиХ е сложена и двосмислена така што производителите не ги препознаваат сопствените интереси и можните придобивки.Имено, и покрај бројните предности на заштитените традиционални производи, Агенцијата за безбедност на храна воБиХ сѐуште нема добиено официјални барања.

Една од главните причини за тоа е фактот дека процесот на регистрација на географските ознаки, го води и Институтот за интелектуална сопственост од БиХ, кој досега оваа ознака ја има доделено на петнаесет производи, вклучувајќи Трапист сирење, Романијски скоруп кајмак, Херцеговински мед, Љубушки ран компир. Постапките на регистрација кај овие две институции се различни и досега нема поведено никакваофицијална постапка за разграничување на надлежностите и регулирање на проблемот.

Без оглед на тоа што Агенцијата објавила правилници и водич за заштита, производителите во БиХ тврдат дека процедурите се сложени и скапи, а самите производители немаат соодветна гаранција дека контролите на пазарот

13 „Smjernicama za registraciju oznaka originalnosti, geografskog porijekla i tradicionalnog ugleda hrane"

ќе бидат соодветно применувани и дека ќе им го заштитат производот. Исто така, тие се жалаат дека државата нема воведено никаква финансиска поддршка за регистрација, маркетинг и сл. на производите со заштитена ознака, како што е случај во други соседни земји.

Според претходните проценки, во БиХ има повеќе од 150 производи кои би можеле да бидат заштитени.

Случај 3. Состојбата во Црна Гора

Во Црна Гора одговорна институција за процесот на добивање и регистрирање на заштитените ознаки за земјоделски и прехранбени производи е Министерството за земјоделство и рурален развој, кој процес се одвива во согласност со Законот за означување на потеклото, географските ознаки и гарантиран традиционален специјалитет за земјоделски и прехранбени производи ("Службен весник на Црна Гора" бр. 18/11) каде се дефинирани методот и условите за регистрација, оцената на усогласеност и други познајчајни аспекти.

Некои од традиционалните црногорски производи, како што е Његушки пршут, се препознаваат надвор од границите на Црна Гора. Овој производ е типичен, препознатлив, со милениумска традиција на производство кој се издвојува како еден од најважните месни производи во Црна Гора. Његушкиот пршут е првиот црногорски производ кој е заштитен во согласност со националното законодавство како ознака за квалитет. Со цел да се усогласат со Европското законодавство Здружението на производители на пршут од Цетиње во соработка со Министерството за земјоделство и рурален развој отпочнале постапка за заштита која успешно ја спровеле. Во минатото овој производ бил заштитен преку Сојузниот завод за интелектуална сопственост на државната заедница на Србија и Црна Гора. Од осамостојувањето на Црна Гора, се правеле напори да се заштити производот според важечките закони усогласени со стандардите на ЕУ. Постапката за регистрација во Министерството била покрената во февруари 2016 година и завршена во ноември истата година, така што Његушкиот пршут е заштитен со ЗГО. Во исто време биле спроведени интензивни напори за едукација на производителите и нивна подготовка за новата форма на заштита. Главниот мотив за производителите била да се заштитат од злоупотреба, и да ја заштитат стекнатата репутација имајќи во предвид дека ваквиот производ им носи значителна корист преку повисока цена на пазарот.

Сл. ЗГО Његушкиот пршут

Во гастрономските градини на традиционалната црногорска кујна исто значење имаат и автохтоните сирења од Плевљ, Колашинско сирење, Његушко сирење, кајмакот итн., а за некои од нив веќе е во тек процесот на заштита со ознака за потекло. Слични иницијативи има и за традиционалните месни производи од говедско и овчо месо, заедно со широк спектар на домашни сорти на овошје и зеленчук, житарици и традиционални специјалитети.

Според стручната јавност во Црна Гора сеуште точно не се препознаени сите домашни земјоделски и прехранбени производи и традиционални специјалитети кои имаат потенцијал да бидат предмет на заштита со некои од знаците за квалитет. Тие сметаатдека, не треба да се занемари можноста за обновување на производството на некои од заборавените прехранбени производи и специјалитети, кои постоеле во Црна Гора.

6. ПРИМЕНА НА ЗАКОНСКИТЕ БАРАЊА ЗА ТРАДИЦИОНАЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ ВО РАМКИТЕ НА ЕУ

Во Европската Унија се донесени многу закони за квалитет на храната, но најпрво како основни се законските барања за безбедност на храната.Тоа значи дека сите производители на храна мора задолжително да ги применуваат прописите за безбедност на храната.Со цел полесно да се воведат ваквите барања за безбедност на хранакај традиционалните производи, во **Регулативата за безбедност на храната**,е дадена можност за ослободување и релаксирање наодредени барања кои самите земји членки треба да ги оценат. На тој начин е дадена можностсекоја земја членка во ЕУ врз основа на нивните специфики при производство на храна со традиционални карактеристики да ги согледа можностите за отстапувања или исклучоци со цел искористување на флексибилноста при воведување на барањата за безбедност на храната со цел да се продолжи нивното традиционално производство, но притоа финалниот производ да биде безбеден за консуматорите. Ваквите „ублажени"барања од основниот Закон за безбедност на храна, официјалните органи од земјата членка треба соодветно да ги објаснат и испратат до ЕК, а доколку бидат прифатени ќе бидат објавени во нивните државни службени весници. Ваквото правоза отстапувања или исклучоци кај традиционалните производи го имаат искористено низа земји членки во ЕУ и како резултат на тоа заштитени се многу производи со специфични традиционални карактеристики.

Со цел да се овозможи подеднаков развој во руралните области, секоја земја треба да си изработи **Национална програма за рурален развој**, а со тоа и да го задржи и заштити традиционалниот начин на производство.Секоја земја членка и регионите треба да ги подготвуваат своите програми за рурален развој базирани на потребите на нивните територии. На ниво на ЕУ се дава рамка за изработка на националните пограмите кои треба да содржат најмалку четири од следните шест заеднички приоритети на ЕУ:

- поттикнување на трансфер на знаење и иновации во земјоделството, шумарството и руралните средини;
- подобрување на одржливоста и конкурентноста на сите видови производи во земјоделството и промовирање на иновативни технологии за земјоделство и одржливо стопанисување со шумите;
- промовирање на организации кои:
- го опфаќаат целиот синџирот на храна,
- ја почитуваат благосостојба на животните и
- спроведуваат соодветно управување со ризиците во земјоделството;
- обновување, зачувување и подобрување на екосистемите поврзани со земјоделството и шумарството;
- промовирање на ефикасноста на ресурсите и поддршка при промената на економии со ниска јаглеродна емисија и/или климатска отпорност во секторите земјоделство, храна и шумарство;
- промовирање на социјалното вклучување, намалување на сиромаштијата и економски развој во руралните .

За сите наведени цели во ЕУ постојат финансиски извори кои можат да ги користат земјите членки на ЕУ, но и сите земји кандидати за ЕУ, што значи и повеќето земји на Балканот како и РМ.

6.1. ОЛЕСНУВАЊА И ОСЛОБОДУВАЊА ПРИХИГИЕНСКИОТ ПАКЕТ ОД ЗАКОНИТЕ НА ЕУ

Законската основа за ваква примена на хигиенскиот пакет е дадена во неколку Регулативи од ЕУ, кои се основа за македонските закои и подзаконски акти и тоа:

Флексибилноста е призната во Регулативата (ЕК), бр 852/2004

„при воведување на HACCP системот, треба да се земат предвид принципите содржани во Codex Alimentarius. Тие треба да обезбедат доволна флексибилност за да се применуваат во сите ситуации, вклучувајќи ги и малите бизниси ... Барањата за документи треба да бидат флексибилни за да се избегне непотребно оптоварување за многу малите бизниси".

Отстапувања се предвидени во Регулативата (ЕК), бр 852/2004:

- Член 13 Земјите-членки можат, ... усвојат,... национални мерки за приспособување на барањата...Националните мерки... имаат за цел да овозможат континуирана употреба на традиционалните методи, во сите фази на производство, преработка и дистрибуција на храна...

како и во,

Регулативата 2074/2005, храна со традиционални карактеристики

Земјите-членки може на операторите за производство на храна со традиционални карактеристики да им дадатиндивидуалниилиопшти отстапувања од барањата кои се однесуваат на:

- Просториите за производство

Просториите каде што се произведува традиционалната храна може да отстапуваат од барањата за таваните, подовите, зидовите и вратите (да се од материјали кои се мазни, непропустливи, не-абсорбентни или отпорни на корозија), потоа можат да бидат од природни геолошки материјали (камен или друг природен материјал) може да се користат пештери други подземни простории, посебно ако таквите услови влијаат врз карактеристиките на производот

- Материјали на опремата и алатките
- Видот на материјалот од кој е изработена опремата која се користи специјално за подготвување:
- употреба на бакарни садови,
- употреба на дрвени опрема,
- употреба на амбалажа изработени од природни влакна или други материјали од растително потекло за производство, складирање и пакување на производи и
- амбалажата може да биде изработена од природни влакна или други материјали од растително потекло за производство, складирање и пакување на производите.

За жал овие законски отстапувања, ослободувања и флексибилност дадени во Регулативите, различно се применуваа кај поедини земји членки на ЕУ. Затоа Европската Комисија, врз основа на спроведеното истражувања за проблемите кои го спречуваат развивањето на традиционалното производство донесе неколку заклучоци и главни препораки, и тоа:

- Примена на флексибилноста варира од држава во држава;
- Известувањето кое надлежната институција треба да го достави до Европската комисија не се применува правилно. Имено во известувањето треба прецизно да се опишат отстапувањата за производителите на храна со традиционални карактеристики;
- Флексибилноста е прагматична, не се базира врз основа на ризик за потрошувачите;
- Препорака: Секоја држава треба индивидуално да ги воведе, применува и контролира предвидените мерки за флексибилност.

6.2. МОМЕНТАЛНАТА СИТУАЦИЈА ВО ОДНОС НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ВО МАКЕДОНИЈА

Во РМ во моментов е заштитен само еден производ со ознака за ЗГО и тоа Охридската цреша. Постојат иницијативи за заштита и на други производи како на пример: Мариовски мед,Беровски компир, Беровска слива, Кривопаланечки компир, Преспанско јаболко, Бистра Бело саламурено сирење, Бистра кашкавал, Дебарско сирење и др.;но за жал поради различнипричини регистрацијата на овие производи не есè уште започната.

Во различните региони од РМ постои голем потенцијал за заштита на земјоделски и прехранбени производи, но сепак традиционалните производители, се соочуваат со низапроблеми. Како главните причини за слабата примена на заштитените ознаки за квалитет се следниве:

- производителите на традиционални производи имаат проблем со Регистрацијата на објектите за производство на храна;
- не постоискоро никаква поддршка за реновирање и опремување на објектите за производство на традиционални производи;
- недоволна информираност за начините за заштита на традиционалните производи, предностите и придобивките од тоа производство;
- слаба организираност (слаба заинтересираност или меѓусебна недоверба да работат здружено) и
- слаба регионална поврзаност на земјодлеците со традиционално производство како и недоволна соработка и разбирање со локалната и националната власт и сл.

Еден од основните проблеми е Регистрација на објектите за производство, обработка преработка и дистрибуција на храна.Во Барањето за заштита на некој производ секој индивидуален производител од групата треба поединечно да достави Решение за регистрација од Агенцијата за Храна и Ветеринарство (АХВ), со што се потврдува дека објектот ги исполнува сите услови за производство на безбедна храна. Без ова Решение за регистрација од АХВ, производителите неможат да аплицираат за заштита на традиционален производ.

Во Законот за безбедност на храна е строго дефинирано дека сите оператори со храна мора да ги исполнат неопходните барања за безбедност на храна. Во истиот Закон дадено е одредено ослободување за традиционалниот начин на производство, но преку подзаконскитеакти не е доволно разработен овој проблем.

Во **дефинициите** од овој Закон е опишано дека: „Храна со традиционални карактеристики“ е храна која е традиционално произведена во Република Македонија и:

а) историски се препознава како традиционален производ или

б) се произведува во согласност со кодифицирани или регистрирани технички референци за традиционален процес или според традиционални методи на производство или

в) е заштитена како традиционален производ од храна со закон;

Понатаму во **член 44** кој се однесува на општи и посебни барања за безбедност на храна во став (5) се дадени одредени ослободувања за традиционалната храна согласно истиот Закон каде е наведено следново:

„Директорот на Агенцијата може во рамките на прописите да ја олесни имплементацијата за малите бизниси, имајќи ги предвид релевантните фактори на ризик, доколку таквите отстапки не влијаат врз постигнувањето на целите на законот како и општите и посебните барања за локализирана активност на операторите со храна и општите и посебните барања за примена на традиционалните методи на производство, преработка и дистрибуција на храна по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија“.

Во **Член 115** Храна со традиционални карактеристики е дадено следново:

Во став (1) од членот 115пишува дека по исклучок на одредбите од Законот и прописите донесени врз основа наистиот, за регистрација и одобрување на објектите за операторите со храна, Агенцијата може за објектите кои произведуваат храна со традиционални карактеристики да им одобри посебни или општи отстапувања, во однос на:

1) просториите каде што таквите производи, во зависност од спецификите на средината неопходна за развој на дел од нивните карактеристики се произведуваат;

2) типот на материјалите од кои се направени, како и инструментите и опремата која се користи особено за приготвување, пакување и завиткување на овие производи и

3) начините на производство на храна со традиционални карактеристики.

Во **Член 116** кој се однесува на Национални мерки и Локализирана Активност во став (1) е дадено дека Агенцијата, може да одобри исклучоци од одредбите на законот, во случај на оператори со храна од мал обем, со цел да го овозможи спроведувањето на прописите, имајќи ги предвид битните фактори на ризик, под услов тие исклучоци да не влијаат врз остварувањето на целите на безбедност со храна .

Во став (2) од член 116е дефинирано дека Агенцијата одредува мерки за прилагодување на пропишаните општи и посебни барања за хигиена на храна во која било фаза на производство, преработка и дистрибуција.

Според ставот (3) целта на мерките од ставот (2) е: - овозможување на продолжување на примената на традиционални методи во секоја фаза на производство, преработка и дистрибуција на храна или - овозможување на работа на операторите со храна кои се наоѓаат во подрачја во кои постојат посебни географски или економски ограничувања.

Во став (4) Операторите со храна може да ги ставаат во промет своите производи како локализирана активност и за тоа ќе бидат пропишани отстапувањата и условите и барањата кои треба да ги исполнат операторите за храна, како и општите и посебните барања за локализирана активност на операторите со храна и општите и посебните барања за примена на традиционални методи на производство, преработка и дистрибуција на храна.

Одредени отстапувања и исклучоци се дадени во:

- Правилникот за производстви на храна со традиционални карактеристики за сирење од овци и кози (мандри) (Сл.Весник61, 2009) и во
- Правилникот за директно снабдување на мали количества примарни производ.(Сл.Весник 10, 2013)

Традиционалното производство е специфично, а условите во кои се одвива овој процес се екстремни и комплексни што резултира со тешко воведување на строгите барањата за безбедност на храна.Имајќи ги во предвид условите во кои се спроведува традиционалното производството во РМ, поголем дел од нашите земјоделци неможат да добијат решение за регистрација од АХВ.Притоа, треба да се потенцира дека традиционалното производство е напорна работа и заради тоа треба да има посебен третман од надлежните институции во однос на барањата за воведување на хигиенскиот пакет.Тоа значи дека надлежните институции треба да спроведат соодветни олеснувања, отстапувања и исклучоци за традиционалното производство во однос на законските барања за безбедност на храна, нои во зависност од специфичноста на производот или производството.

6.3 ШТО ТРЕБА ДА СЕ НАПРАВИ ЗА ДА СЕ РАЗВИЕ ТРАДИЦИОНАЛНОТО ПРОИЗВОДСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

За да се заштити и развие традиционалното производство во РМ, најпрво производителите треба да ги знаат основните барања за хигиена на храна, да го познаваат Законот за храна, а потоа организирано во соработка со надлежните институции да поднесуваат специфични барања за ослободување, отстапување и исклучоци кај специфичните традиционални производства, што ќе им овозможи Регистрација на објектите и продолжување со традиционалното производство.

Неопходна е соработка со владини институции кои ќе дозволат одредени законски отстапувања за специфичната храна произведена на традиционален начин.

Потоа треба да се спроведат низа активности за меѓусебна комуникација и разбирање и тоа на исто рамниште меѓу советодавните служби, земјоделците и локалните власти, како и меѓу самите производители.

Секако дека организирањето на курсеви, семинари, наменети за производителите, како и развивање на Практични алатки за производителите (прирачници, видеа...) би допринеле за развој на традиционалното производство.

Што друго може да преземе државата?

Улогата на државата во развој на традиционалното производство е голема, заради што државата треба да превземе низа активност и тоа: .

- подобрување на условите за производство на традиционална храна (обезбедување соодветна инфраструктура, уредување во рураните подрачја, финансиска и институционалана поддршка за обновување на објектите и сл.);
- Промоција на традиционалното производство (брошури, памфлети, написи во јавни гласила, предавања, обуки и др.) со главна цел:
  - Да се заинтересираатпроизводителите
  - Да се информираат потрошувачите
  - Да се информираат вработените во локалните самоуправи
- Институционална поддршка на заинтересираните производители:
  - фондови - финансиска поддршка за воведување неопходните законски барања за хигиена на храна ‰.Финансиска поддршка во припрема на елаборатите – спецификацијата на производот;
  - Финансиска поддршка во промоцијата на заштитените производи;
  - поддршка во изработка на студии за доказ на безбедноста на производот во основа ако при производството се користат материјали кои не се во согласност со основните закони за безбедност на храната.

6.4 ЗНАЧЕЊЕТО НА ПОЛИТИКАТА ЗА КВАЛИТЕТ ВО РАЗВОЈОТ НА ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА

Несомнено е дека автохтоните прехранбени производи спаѓаат во производи со додадена вредност која обезбедува повисоки приходи за производителот.Заштитата на овие производи придонесува за создавање на идентитет и признавање на регионот или земјата од која потекнуваат.Директната врска на производите со одредени географски области дава додадена вредност и признавање на областа, што придонесува за рурален развој на одредени региони, но и за земјата во целина.Дополнително, таквата регистрација е форма на заштита која овозможува подигање и постигнување на „континуиран квалитет на таквите производи".Исто така, правото на користење на заштитена ознака го имаат сите производители кои произведуваат доследно според елаборатот или спецификацијата на производот, што овозможува рамноправен развој.И на крај, производите што содржат една од заштитените ознаки се заштитени од „каква било злоупотреба, имитација или употреба на неовластени корисници на овие ознаки".Овој систем ги охрабрува производителите да се здружуваат и заеднички да пласираат на пазарот, а по процесот на заштита на национално ниво, постои можност за заштита на таквите производи на ниво на Европската Унија.

Постојат многу елементи кои ја прават важна заштитата на традиционалните земјоделски и прехранбени производи и вклучуваат неколку аспекти: правни, маркетинг, потрошувачки, претприемачки и агро-политички.

Регистрираните географски називи се заштитени од фалсификат, односно од нивно директно или индиректно комерцијално користење за производи кои не се опфатени со регистрацијата, или доколку со користење на тој назив се искористува угледот на заштитениот назив.Кога станува збор за маркетингот, заштитените ознаки обезбедуваат гаранција дека се работи за автентичен производ со неговите оригинални квалитетни карактеристики.

Во однос на одржливоста, можеме да зборуваме за економска одржливост, што придонесува за повисоки плати и подобрување на квалитетот на животот на луѓето во руралните средини;социо-културна одржливост, што придонесува за промоција на културниот идентитет и локалното знаење и традиции, и одржливост на животната средина, која има за цел зачувување и подобрување на природните ресурси и биодиверзитетот за идните генерации.

Заштитените автохтони производи може да имаат позитивно влијание врз социо-економскиот развој кај целокупната локална заедница и тоа:

- со зголемената продукцијата, се отвараат нови работни места и се заштитува од рурален егзодус;
- производителите добиваат високи цени за нивните производи нудејќи им на потрошувачите гаранција за производствените методи и квалитет;
- охрабрување на социјалните мрежи и соработка меѓу сите учесници, особено во фазата на аплицирање;
- подобра редистрибуција на дополнителната вредност во синџирот на производство;
- зголемена вредност на подрачјето (регионот) на потекло;
- индиректни позитивни ефекти: развој на туризам.

Ако сè повеќе производи со додадена вредност останат во руралната средина, целата општина има поголема економска оддржливост, можности за нови работни места, развој на туризам и др.

Со заштитата на производот се заштитува традиционалниот начин на производство(автентични,специфични, различни производи, различни вкусови), се заштитуваат и природните ресурси(биодиверзитетот), а сето тоа има позитивна улога за локалниот и националниот идентитет на една држава,

Конечно, имајќи ги во предвид сите придобивки што може да ги носи заштитата за производителите и за заедницата во целина, стручната јавност смета дека е потребно вклучување на сите релевантни актери и нивна заедничка работа, со цел заедно да се зачува богатото наследство, традиционалното искуствое и животната средина

Прилог 1:
Образец на барањето за регистрација на ознака за потекло или географска ознака.

Образец на барањето за регистрација на ознака за потекло или географска ознака

а) Назив на земјоделскиот или прехранбениот производ :

б) Видот на ознаката за која се бара регистрација (*да се обележи со* X):

☐ Ознака на потекло ☐ Географска ознака

в) Податоци за групата која го поднесува барањето:

назив:		
адреса:		
број на телефон, факс и e-mail адреса:		
tel:	*fax:*	*e-mail:*
правен статус:		
број на членови:		
број на решението за регистрација, како и датумот и местото на издавање на решението:		
единствен матичен број (ЕМБГ или ЕМБС):		
име и презиме, адреса и број на одговорното лице на групата кое го поднесува барањето:		
име и презиме, адреса и број на лицето кое е ополномоштено да ја застапува групата:		

г) Податоци за членовите кои ја сочинуваат групата:

Реден број	Назив на правното или физичкото лице	Адреса или седиште	Дејност	Единствен матичен број (ЕМБГ или ЕМБС)

д) Податоци за верификационото тело:

назив:		
адреса, број на телефон и e-mail:		
адреса:	*тел:*	*e-mail:*

ѓ) Останати потребни документи што се поднесуваат во прилог на барањето (*да се обележат со* X):

- ☐ заверена фотокопија од решението за регистрација на групата
- ☐ статут на групата
- ☐ сертификат за соодветност на елаборатот со производот, што го издава верификационото тело
- ☐ полномоштво за лицето кое ја застапува групата која го поднесува барањето
- ☐ елаборат
- ☐ податоци за моменталното, како и планираното производство на групата
- ☐ единствен документ

Датум

_____

Потпис на поднесителот на барањето

_____

Прилог 2:
Образец за елаборатот кој е содржан во барањето за регистрација на ознака за потекло или географска ознака

Елаборат кој е содржан во барањето за регистрација на ознака за потекло или географска ознака

а) Назив на земјоделскиот или прехранбениот производ (*називот да е на македонски јазик, а по барање може да е и на друг јазик*):

б) Видот на ознаката за која се бара регистрација (*да се обележи со* X):

☐ Ознака на потекло ☐ Географска ознака

в) Назив на групата на производители која го поднесува барањето:

г) Податоци за производот:

Категорија на производот:
Опис на земјоделски или прехранбени производи (физички, хемиски, микробиолошки или органолептички карактеристики):
Опис на суровински материјал (физички, хемиски, микробиолошки или органолептички карактеристики):
Опис на методот и фазите на производство кои се одвиваат во одредено географско подрачје:
Опис на посебните методи на производство кои се однесуваат на сечење, мелење, пакување, означување и сл.:

д) Докази :

за набавувачот, количеството и потеклото на сите примени количини суровини и/или производи:
за примателот, количината и дестинацијата на обезбедените производи:
за врската помеѓу секоја влезна и излезна група:

ѓ) Дефинирање на географското подрачје:

е) Поврзаност на производот со географското подрачје:

Карактеристики на географското подрачје:
Карактеристики на производот од географското подрачје:
Врската помеѓу одредено географско подрачје и карактеристики на производот, за ознака на потекло:
Врската помеѓу географското подрачје и карактеристики на производот, за географска ознака:

ж) Назив и адреса на овластените тела кои ја верифицираат соодветноста на производот со елаборатот:

Датум и место на изработка

Изработил
(*целосен назив и потпис*)

Прилог 3:
Образец за единствениот документ од барањето за регистрација на ознака за потекло или географска ознака

Образец за единствениот документ од барањето за регистрација на ознака за потекло или географска ознака

а) Назив на земјоделскиот или прехранбениот производ (*за кој се бара регистрација на ознака*):

б) Видот на ознаката за која се бара регистрација (*да се обележи со* X):

☐ Ознака на потекло ☐ Географска ознака

в) Назив на групата на производители која го поднесува барањето:

г) Податоци за производот:

Категорија на производот:
Опис на производот: *(вклучувајќи технички податоци кои се користат за опишување на производот, а таму каде што е соодветно да се наведат и органолептичките податоци)*
Суровински материјал само за преработените производи: (*За суровините да се наведат барањата за квалитет или ограничувањата за потеклото. Да се наведе оправданоста за таквите ограничувања*)
Фазите на производство кои се одвиваат во одредено географско подрачје: (*Да се наведе оправданост доколку има ограничувања*)
Посебни методи кои се однесуваат на сечење, мелење, пакување и сл: (*Доколку нема, да се остави празно. Да се наведе оправданост доколку има ограничувања*)

д) Дефиниција на географското подрачје:

ѓ) Поврзаност на производот со географското подрачје:

Карактеристики на географското подрачје: (*за барањата за ознака на потекло, исто така да се вклучи и описот на влијанието на секој битен природен или човечки фактор*)
Карактеристики на производот од географското подрачје:
Врската помеѓу одредено географско подрачје и квалитетот или карактеристиките на производот, за ознака на потекло:
Врската помеѓу географското подрачје и квалитетот, угледот или други карактеристики на производот, за географска ознака:

Прилог 4:
Спецификација на производот за добивање ознака за гарантиран традиционален специјалитет

Спецификација на производот за добивање ознака за гарантиран традиционален специјалитет

а) Назив на земјоделскиот или прехранбениот производ (*називот да е на македонски јазик, а по барање може да е и на друг јазик*):

б) Карактер на називот (*да се обележи со* X):

☐ специфичен сам по себе
(да се даде објаснување)

☐ изразува специфични карактеристики на земјоделскиот или прехранбениот производ
(да се даде објаснување)

в) Назнака дали регистрацијата е со или без резервација на називот (*да се обележи со* X):

☐ регистрација со резервација на називот

☐ регистрација без резервација на називот

г) Категорија на производот:

д) Опис на производот *(вклучувајќи ги неговите главни физички, хемиски, микробиолошки или органолептички својства)*:

ѓ) Опис на методот на производство, подготовката и природата и својствата на употребените суровини или состојки кои производителите мораат да го следат:

е) Елементи кои ги одредуваат посебните својства на производот:

ж) Елементи кои го докажуваат традиционалниот карактер на производот:

з) Минимални барања и постапки за проверка на посебните својства на производот:

ѕ) Датум и место на изработка _____

и) Изработил _____

(спецификацијата да не брои повеќе од 10 страни)

ЗАКЛУЧОК

Денес, повеќе од кога и да е, ние сме сведоци на уште поригорозни барања на потрошувачите кога станува збор за нивниот избор на храна и земјоделски производи.Ова е особено поврзано со нивната посветеност при изборот на прехранбени производи кои имаат посебен квалитет поврзан со традицијата, вештините и знаењето пренесени преку генерации на одредена локација.Од друга страна, локалниот идентитет е резултат на стекнати и усовршени знаења и вештини создадени во текот на подолг временски период, но неразделно е поврзан со природните ресурси и типичниот начин на производство.

Затоа, традиционалните производи чиј квалитет се базира на географското потекло, или пак на традиционалната специфичност на локалитетот, неопходно е да се задржи како наследство и како културно-историска вредност која создава додадена вредност на пазарот.Покрај тоа, типичните производи придонесуваат кон зачувување на биолошката разновидност, светското културно наследство, социо-културниот развој и промоција на руралните области. Традиционалните производи се заштитуваат со цел да се постигне повисока цена на пазарот, но и за да се зачува идентитетот и препознатливоста на тој производ.

Производството и промоцијата на земјоделски производи со специфични карактеристики може значително да придонесе во развојот на руралната економија, посебно во помалку познатите зафрлени локалитети, а со тоа и да го зголеми профитот кај производителите.

За да бидат конкурентни, производителите на традиционална храна мора да произведуваат безбедни премиум производи кои на потрошувачите ќе му понудат посебно уживање при консумација.

Традиционалното производство е и уметност и начин на живот, а овие производи се израз на гордост, страст и традиција.Тоа е култура, наследство и ценет пејзаж, храна која нè потсетува на детството, на вкусот од кујните на нашите баби и прабаби.

Со комбинација на традицијата, обичаите, талентот и науката се изработуваат најубавите традиционални производи и специјалитети, а при нивна консумација може да се осети вкусот на природата.

Сите треба да бидеме свесни
ДЕКАКОГА ЕДНАШ ЌЕ СЕ ИЗГУБАТ ЗНАЕЊАТА, ВЕШТИНИТЕ И ПОСВЕТЕНОСТА КОН ОВАА ТРАДИЦИОНАЛНА КУЛТУРА, НИКОГАШ ПОВТОРНО НЕМА ДА СЕ СТЕКНАТ!

„Од нива до маса – канализирање на проблемите на фармерите преку документи со ставови и други пишани форми"

Општа цел: Зголемување на способноста и одржливоста на малите фармери и производители на храна кои користат традиционални методи на производство во регионот на Маврово - Ростуше и југоисточниот регион на Македонија, преку препознавање на нивните потреби и проблеми и адресирање на истите пред националните донесувачи на одлуки.

Специфични цели: Да се направи целосна употреба на опцијата за флексибилност и да се овозможи директна продажба на квалитетни сирења; Да се анализираат производи кои поседуваат можност да бидат заштитени со некоја од ознаките за квалитет со што би се придонело за руралниот развој и заштитата на биолошката разновидност;
Да се иницира јавна дебата за одржлив рурален развој во Македонија и да се промовира работата на малите производители како модел за одржливо производство; Да се подигне свеста на производителите и на потрошувачите во врска со важноста на биолошката разновидност и заштитата на пејзажите, преку креирање и спроведување на активни кампањи.

Проектот е дел од програмата за регрантирање на регионалниот проект
"Одржливо земјоделство за одржлив Балкан: Зајакнување на капацитетот на организациите на граѓанското општество за јавно застапување и развивање на политики на Западниот Балкан" насочен е кон Зајакнување на капацитетот на организациите на граѓанското општествоза јавно застапување и изработка на регионална политика во областа на одржливото земјоделство, заштита на биодиверзитетот и благосостојбата на животните на Западниот Балкан.

Повеќе информации:http:www.sasb-eu.org

Проектот е финансиран од Европската Унија

Овој прирачник е изработен со помош на Европската Унија, ОРКА и партнерите од регионалниот конзорциум, кои го спроведуваат проектот "Одржливо земјоделство за одржлив Балкан: Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за застапување и развој на политики во Западниот Балкан"

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Слоу Фуд Битола и партнерите и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската унија, ORCA или партнерите на конзорциумот.

Повеќе информации:http:www.sasb-eu.org

Проектот е финансиран од Европската Унија

www.slowfood.mk